


Се финализираше постапката за избор на грантовите за недискриминација, толеранција и еднаквост, доделени се 6 грантови на следните граѓански организации:

1. Здружението на граѓани **СТАР-СТАР** - Скопје
2. Здружение **Рома Прогрес** – Скопје
3. Извидничкиот одред **„Димитар Влахов“** - Велес
4. Здружение за **Церебрална парализа** - Тетово
5. Центар за подобрување на квалитетот на живот на лицата со интелектуална попреченост и нивните фамилии **ПОРАКА НОВА** – Битола

6. Здружение на правници **LEGAL THINK** – Штип

Честитки за успешните апликации. Спроведувањето на овие проекти ќе допринесе кон зајакнување на напорите на граѓанските организации во борбата со дискриминацијата и почитување на принципите на еднаков третман, локално во заедниците.

Одзивот на граѓанските организациите на овој повик беше голем, пристигнаа вкупно 66 апликации, а **65 апликации ја поминаа административната и оценката за подобност и беа оценети за квалитет**. Сите организации успешно ја препознаа корисноста и потребата од спроведување на кампањи и активности со цел поголема промоција и едукација за недискриминација, толеранција и еднаквост во повеќе сектори и области како: маргинализирани лица, медиуми, млади, заштита на човекови права, владеење на право, демократија, родова еднаквост и заштита на деца.

Од доделените грантови, два ќе се спроведуваат во **Скопскиот регион**, додека по еден грант ќе се спроведува во **Вардарскиот, Источниот, Пелагонискиот и Полошкиот регион**. Висината на поединечните грантови е до 6.000 евра.

Грантовите се дел од програмата „Комисијата за антидискриминација ја остварува својата превентивна и заштитна улога“, а ја спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС). Програмата е финансирана од Европската Унија.